## ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА - ХИДРОЦЕНТРАЛИ

Во 2025 година од хидроцентралите и од фотонапонската електроцентрала планирано е да се произведат 6.473.000 kWh електрична енергија. Трите хидроцентрали ХЕЦ „Стрежево“, „ХЕЦ Биолошки минимум“ и ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ се електроцентрали на прибранска акумулација, а останатите две ХЕЦ „Филтерница“ и ХЕЦ „Довлеџик“ се деривациони. Фотонапонската електроцентрала е лоцирана во кругот на браната на акумулацијата „Стрежево“, а почна со производство на електрична енергија во март 2024 година.

Финансиската пресметка за планираното производство на електрична енергија од ХЕЦ „Стрежево“, ХЕЦ „Биолошки минимум“ и ФЕЦ „Брана Стрежево“ е направена по предвидена пазарна цена за kWh произведена електрична енергија, плус за фотонапонската електроцентрала е пресметана и премија од 13,86 €/MWh за произведена електрична енергија. Планираното производство од ХЕЦ „Експлоатационен минимум“, ХЕЦ „Филтерница“, и ХЕЦ „Довлеџик“ е направена по повластена тарифа. Повластената тарифа за произведената електрична енергија по блокови изнесува 12 евро центи за kWh произведена електрична енергија до 85.000 kWh, 8 евро центи за произведена електрична енергија од 85.001 до 170.000 kWh, и 6 евро центи за произведената електрична енергија над 170.001 kWh. Пресметувањето во денари се врши согласно договорот со МЕПСО (МЕМО) по среден курс на Народна Банка на РСМ од последниот работен ден во месецот.

Основни карактеристики на хидроцентралите се следните:

**1.** ХЕЦ„Стрежево“ како што е наведено претходно е прибранска хидроцентрала со инсталирана снага од 2.400 kW, со три синхрони самовозбудни генератори и три Францисови турбини. Инсталираниот проток на вода по турбина изнесува 2,7 м$^3$/сек. и нето пад од 30 метри. Предавањето на електрична енергија во мрежата е преку два енергетски трансформатори на 35 KV-но напонско ниво. ХЕЦ „Стрежево“ работи главно во периодот кога се врши наводнување на земјоделските култури. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 5.500.000 kWh електрична енергија годишно. Во планот за производство се планираат да се произходат 2.020.000kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи преку електричната мрежа планирано е да се испорачаат 2.012.000 kWh електрична енергија, како и за сопствени потреби планирано е да се потрошат 8.000 kWh. Вкупните приходи се планирани да изнесуваат 13.840.791 денар, од кои 13.787.003 денари за предадена електрична енергија на оператор на пазарот на електрична енергија, и 53.788 денари приход за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**2.** ХЕЦ „Биолошки минимум“ е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана снага од 132kW, со асинхрон генератори Францисова турбина. Инсталираниот проток на вода изнесува 0,290 м$^3$/секинетопадод 30 - 62 метри. Работи континуирано преку целата година и ја користи водата што се испушта од акумулацијата „Стрежево“ како биолошки минимум во реката Шемница. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 800.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 740.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 594.799 kWh електрична енергија, додека за сопствени потреби планирано е да се потрошат 145.201 kWh електрична енергија. Вкупниот приход планирано е да изнесува 4.105.626 денари, од кои 3.342.311 денари за предадена електрична енергија на оператор и 763.315 денари приход за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**3.** ХЕЦ „Експлоатационен минимум“е едноагрегатна хидроцентрала со инсталирана максимална снага од 340 kW, со синхрон генератор и Францисова турбина. Инсталираниот

максимален проток на вода изнесува 1,2 $м^3$/секи висински пад од 18 - 42 метри. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.500.000 - 2.000.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 1.060.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 1.054.000 kWh електрична енергија и 6.000kWh да се потрошат за сопствени потреби. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 7.508.367 денари, од кои 7.467.753 денари за предадена електрична енергија на МЕМО, и 40.614 денари за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**4.** ХЕЦ „Филтерница“ е со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 380 kW, нето пад од 150 метри и проток од 0,340 $м^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, кои преку водозафатниот објект и цевководот се донесуваат до ХЕЦ „Филтерница“. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.490.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 1.600.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 1.592.000 kWh електрична енергија и 8.000 kWh да се потрошат за сопствени потреби. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 8.803.353 денари, од кои 8.765.200 денари за предадена електрична енергија на МЕМО, и 38.153 денари за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**5.** ХЕЦ „Довлеџик“ е исто со еден агрегат со Пелтонова турбина, инсталирана снага од 460kW, нето пад од 109 метри и проток од 0,500 $м^3$/сек. Работи на водите од алиментациониот канал на Стрежево, односно вишокот на вода од ХЕЦ „Филтерница“ кој не го користи „Водовод“ и вишоците од р. Сапунчица и р. Црвена. Водите се донесуваат преку цевководот на Водовод кој има двојна намена. Во летниот период кога има недостиг на вода , Водовод преку пумпната станица во Довлеџик однесува вода до нивната филтерница зафаќајќи вода од зафатот на Стрежево, додека во периодот на вишоци на вода, преку истиот цевковод водите се донесуваат до ХЕЦ „Довлеџик“, со што истата се става во погон. Проектираното производство на електрична енергија изнесува 1.430.000 kWh годишно (табела 1). Во планот за производство се планираат да се произведат вкупно 500.000 kWh електрична енергија. Од тоа за други потрошувачи планирано е да се испорачаат 496.000 kWh електрична енергија и 4.000kWh да се потрошат за сопствени потреби. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 2.753.857денари, од кои 2.731.690 денари за предадена електрична енергија на МЕМО, и 22.167денари за потрошена електрична енергија за сопствени потреби.

**6.** Фотонапонската електроцентрала за производство на електрична енергија од сончева енергија, поставена е во кругот на браната од акумулацијата „Стрежево“. Вкупната моќност на фотонапонската електрична централа е со номинална вредност од 499,20 kW. Проектираното годишно производство на електрична енергија изнесува 712.000 kWh. Во планот за производство се планираат да се произведат 553.000 kWh електрична енергија. Вкупните приходи планирано е да изнесуваат 1.980.850 денари за произведена електрична енергија и планирани се приходи од премија за произведена електрична енергија од фотонапонски централи која изнесува 13,86 €/MWh, или 471.333 денари за произведени 553.000 kWh.

Вкупното производство на електрична енергија за 2025 година планирано е да изнесува 6.473.000 kWh, пришто се очекуваат вкупни приходи во износ од 39.464.177 денари. Планирани се вкупни расходи во износ од 9.252.697 денари, или без амортизација 5.110.668 денари.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2025 ГОДИНА
## ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Ј.П. „Стрежево“ - Битола, има изградено пет мали хидро - електроцентрали и една фотонапонска електроцентрала за производство на електрична енергија, се со цел за максимално искористување на енергетскиот потенцијал од обновливи извори на енергија. Електроцентралите ги имаат следните карактеристики:

| Објект | Локација | Инсталирана снага | | Проектирано производство | |
|---|---|---|---|---|---|
| ХЕЦ „Стрежево“ | Брана „Стрежево“ | 2.400 | kW | 5.500.000 | kWh |
| ХЕЦ „Биолошки мин.“ | Брана „Стрежево“ | 132 | kW | 800.000 | kWh |
| ХЕЦ „Експлоат. мин.“ | Брана „Стрежево“ | 340 | kW | 2.000.000 | kWh |
| ХЕЦ „Филтерница“ | Собирен канал | 380 | kW | 1.490.000 | kWh |
| ХЕЦ „Довлеџик“ | Систем „Драгор“ | 460 | kW | 1.430.000 | kWh |
| ФЕЦ „Брана Стрежево“ | Брана „Стрежево“ | 500 | kW | 712.000 | kWh |
| Вкупно | | 4.212 | kW | 11.932.000 | kWh |

**Табела 1**

Во 2025 година планирано е да се произведат вкупно 6.473.000 kWh електрична енергија. Во Табела 2 подетално е презентирано планираното производство по електроцентрали:

| Објект | Напон на пренос | Вкупно производство | |
|---|---|---|---|
| ХЕЦ „Стрежево“ | 35 kV | 2.020.000 | kWh |
| ХЕЦ „Биолошки мин.“ | 35 kV | 740.000 | kWh |
| ХЕЦ „Експлоат. мин.“ | 35 kV | 1.060.000 | kWh |
| ХЕЦ „Филтерница“ | 10 kV | 1.600.000 | kWh |
| ХЕЦ „Довлеџик“ | 10 kV | 500.000 | kWh |
| ФЕЦ „Брана Стрежево“ | 35 kV | 553.000 | kWh |
| Вкупно | | 6.473.000 | kWh |

**Табела 2**

ЈП „Стрежево“ - Битола се стекна со стаус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за произведената електрична енергија од ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ (Решение од 31.12.2014 Сл.весник на РМ 01/2015), ХЕЦ „Филтерница“ (Решение од 15.11.2019 Сл. весник на РСМ 241/2019), ХЕЦ „Довлеџик“ (Решение од 15.11.2019 Сл. весник на РСМ 241/2019), Фактурирањето за произведена електрична енергија од овие хидроцентрали во 2025 година ќе се врши по повластена тарифа кон МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазарот на електрична енергија. Повластената тарифа за произведената електрична енергија по блокови изнесува 12 евро центи за kWh произведена електрична енергија до 85.000 kWh, 8 евро центи за произведена електрична енергија од 85.001 до 170.000 kWh, и 6 евро центи за произведената електрична енергија над 170.001 kWh. Пресметувањето во денари се врши согласно договорот со МЕПСО (МЕМО) по среден курс на НБМ (Народна Банка на РМ) од последниот работен ден во месецот.

Произведената електрична енергија од ХЕЦ „Стрежево“ и ХЕЦ „Биолошки минимум“, во 2025 година ќе се пласира преку оператор по пазарни цени согласно условите од договорот. По завршувањето на договорот повторно ќе се спроведе постапка за избор на најповолен понудувач за продажба на електрична енергија. Произведената електрична енергија од фотонапонската електроцентрала ќе се пласира на слободен пазар по пазарни цени по спроведена постапка за избор за најповолен понудувач, плус премијата од 13,86 €/MWh за електрична енергија произведена од електроцентралата.

**РЕАЛИЗИРАНО ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**
**ВО ТЕКОВНАТА 2024 И ПЛАНИРАНО ВО НАРЕДНАТА 2025 ГОДИНА**

| Ред. бр. | | Опис | Реализирано во тековна 2024 година | Планирано во наредната 2025 година | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | kWh | kWh | |
| | | | | | |
| | | **Производство на електрична енергија во kWh** | | | |
| 1 | | ХЕЦ „Стрежево“ | 1.885.014 | 2.020.000 | 107,16 |
| 2 | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 736.096 | 740.000 | 100,53 |
| 3 | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 909.822 | 1.060.000 | 116,51 |
| 4 | | ХЕЦ „Филтерница“ | 1.410.884 | 1.600.000 | 113,40 |
| 5 | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 292.954 | 500.000 | 170,68 |
| 6 | | ФЕЦ „Брана Стрежево“ | 481.363 | 553.000 | 114,88 |
| | | **Вкупно** | **5.716.133** | **6.473.000** | **113,24** |

**РАСХОДИ И ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО ТЕКОВНАТА 2024 И ПЛАНИРАНО ВО НАРЕДНАТА 2025 ГОДИНА**
**- ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Реализирано во тековна 2024 година | Планирано во наредна 2025 година | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Износ | Износ | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | 220.853 | 223.951 | 101,40 |
| 2 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 734.176 | 741.010 | 100,93 |
| 3 | 404 | Резервни делови и материјали за одржување про-во | 10.939 | 11.328 | 103,56 |
| 4 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми производство | | | |
| 5 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 6 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 8.163 | 8.305 | 101,73 |
| 7 | 412 | Надв. услуги за изработка на добра и извршени услуги | 216 | 220 | 102,00 |
| 8 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 133.322 | 136.895 | 102,68 |
| 9 | 415 | Комунални услуги - дератизација | 6.307 | 6.431 | 101,96 |
| 10 | 417 | Трошоци за реклама, пропаганда, промоции, саеми | | | |
| 11 | 419 | Останати услуги | 181.769 | 190.621 | 104,87 |
| 12 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 2.481.865 | 2.735.015 | 110,20 |
| 13 | 422 | Останати трошоци за вработените | 135.360 | 136.808 | 101,07 |
| 14 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | 4.099.030 | 4.142.028 | 101,05 |
| 15 | 440 | Дневн.за службени патувања, ноќевања и патни трош. | 9.929 | 10.074 | 101,47 |
| 16 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 1.425 | 1.449 | 101,69 |
| 17 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 18 | 444 | Трошоци за репрезентација | 17.579 | 17.960 | 102,17 |
| 19 | 445 | Трошоци за осигурување | 486.430 | 503.971 | 103,61 |
| 20 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини, и др. | 305.711 | 308.725 | 100,99 |
| 21 | 448 | Трошоци за користење на права | 53.190 | 54.332 | 102,15 |
| 22 | 449 | Останати трошоци на работењето | 23.952 | 23.571 | 98,41 |
| 23 | 452 | Вредносно усогласување на вложувања во недвижности | | | |
| 24 | 464 | Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | | | |
| 25 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 26 | 474 | Камати од работењето со неповрзани друштва | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **8.910.216** | **9.252.697** | **103,84** |
| | | **Ia. Вкупни расходи - без амортизација** | **4.811.186** | **5.110.668** | **106,22** |
| 1 | 740 | **Приходи од продажба на електрична енергија** | **33.672.633** | **38.074.807** | **113,07** |
| 1.1. | | ХЕЦ „Стрежево“ | 12.487.404 | 13.787.003 | 110,41 |
| 1.2. | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 3.227.320 | 3.342.311 | 103,56 |
| 1.3. | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 6.469.465 | 7.467.753 | 115,43 |
| 1.4. | | ХЕЦ „Филтерница“ | 7.997.559 | 8.765.200 | 109,60 |
| 1.5. | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 1.987.956 | 2.731.690 | 137,41 |
| 1.6. | | ФЕЦ „Брана Стрежево“ | 1.502.929 | 1.980.850 | 131,80 |
| 2 | **745** | **Приходи од произв. на ел. ен. за сопст. потреби** | **900.006** | **918.037** | **102,00** |
| 3 | **767** | **Приходи од субвенции и донации** | | **471.333** | |
| 4 | **769** | **Останати приходи од работење - надомест на штета** | | | |
| | | **II. Вкупни приходи** | **34.572.639** | **39.464.177** | **114,15** |
| | | **III. Деловен резултат (II-I)** | **25.662.423** | **30.211.480** | **117,73** |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортизација (II-Ia)** | **29.761.453** | **34.353.509** | **115,43** |

**ПРОИЗВОДСТВО НА РИБИ –АКВАКУЛТУРА И ПРОДАЖБА**

Производството на риби – аквакултурата и продажбата на риба како една од дејностите која ги обавува ЈП „Стрежево“ го опфаќа целокупното работење што се одвива во објектите на Рибник и во Рибарницата.

Рибникот се наоѓа на просторот под Браната „Стрежево“ и ги користи водите што се испуштаат од акумулацијата во реката Шемница, за обезбедување на неопходниот биолошки минимум. Производството на риба се одвива во 22 базени, поставени во 3 батерии со капацитет над 60 тони риба годишно.

Со планот за 2025 година се предвидува да се произведат и да се продадат на пазарот околу 55 тони конзумна риба. Од вкупната количина на произведена виножитна пастрмка, во планот е предвидено да се продадат преку други рибарници и хотелско – угостителски објекти околу 27,7 тони риба, а преку рибарницата на ЈП „Стрежево“ планирано е да се продадат 27,3 тони риба. Покрај виножитна пастрмка, преку рибарницата е планирано да се продадат и одредени количини на риба крап, како и други видови на замрзната морска риба, конзерви од риба и друга стока.

Циклусот на товењето на рибата и постигнувањето на оптимална конзумна тежина (0,250кг, па и повеќе) е исклучително важно да се прилагоди на побарувачката на пазарот. Тоа би довело до поголема продажба од причина што во периодот на зголемена побарувачка, рибникот би можел да ги задоволи со поголем процент потребите од риба во Битола и пошироко. Од друга страна залихите би се движеле во оптимални рамки, и со зголемената продажба на риба, рибникот би се ослободил од поголеми залихи. Оптималните залихи би значеле и поголем простор за непречен и здрав развој на останатите количини на риби, како и помала потрошувачка на храна за рибите.

Континуираното снабдување на рибникот со квалитетна храна за риби и со асортиман според потребите за секоја фаза од развој на рибата исто така е значајно. Тоа би овозможило интензивен и постојан развој и раст на рибата за периодот кога е најбарана на пазарот. Тоа на посреден начин би довело и до заштеда на храната за риби.

Коефициентот на конверзија на рибата (храна/риба) се проектира да изнесува 1,25. Тоа би значело дека за секој дел на прираст на рибите би биле потребни 1,25 дела храна за риби. Овај коефициент би се постигнал и со посебно залагање на вработените на начин што рибата би се хранела во количини и на временски интервали зависно од сите претпоставки и услови што ги утврдила науката во таа област (температура на водата, густина на рибите во базените и нивно сортирање, фазата на развој, а соодветно на тоа и видот на храната).

Постигнување на позитивни резултати претпоставува и користење на сите превентивни и заштитни мерки како би се овозможил нормален и здрав развој на рибите и намалување процентот на смртноста до минимум. Посебно внимание треба да се посвети на преземање на современи научни мерки и активности за спречување да се појави во рибникот опасното вирусно заболување на виножитната пастрмка инфективната хематопоетска некроза, која може да предизвика висока смртност кај рибниот подмладок и конзумната риба.

Добрата организација на работата и секојдневно пратење на состојбите во поглед на нормалниот и здрав развој на рибата, како и дали се остварува конверзија од 1,25 како што се предвидува во планот се исто така претпоставки од значење за остварување на планираното. Секое отстапување треба благовремено да се констатира, да се утврдат причините за тие состојби и да се превземат соодветни мерки за отстранување на евентуално негативните движења.

За остварување на предвидените производни резултати на Рибникот, т.е. планираното производство на риба од 55 тони и имајќи ја во предвид планираната конверзија на храна/риба од 1,25 потребно е да се набават околу 69 тони храна за риби, по количини и димензии според потребите за одредена фаза на развој на рибите.

Вкупните расходи во 2025 година е планирано да изнесуваат 24.381.054 денари, а без амортизација планирано е расходите да изнесуваат 23.922.495 денари. Вкупните приходи во 2025 година планирано е да изнесуваат 17.856.361 денари. Финансиските ефекти од реализираното производство и продажба на риби во 2024 година и планираното производство и продажба на риби во 2025 година, детално се дадени во наредните табели.

**РАСХОДИ И ПРИХОДИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОВНАТА 2024 И ПЛАНИРАНИ ВО НАРЕДНАТА 2025 ГОДИНА**
**- РИБНИК -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Рибник | | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Реализирано во тековна 2024 година | Планирано во наредна 2025 година | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | 40.924 | 41.458 | 101,31 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за администрација | | | |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 146.848 | 149.726 | 101,96 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за администрација | | | |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за производство | 17.296 | 17.616 | 101,85 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за администрација | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство | | | |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | | | |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 13.038 | 13.204 | 101,27 |
| 11 | 412 | Надвор.услуги за изработка на добра и изврш. услуги | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | | | |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | | |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 95.947 | 98.308 | 102,46 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | | | |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 6.161.575 | 6.790.056 | 110,20 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за администрација | | | |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 141.000 | 141.000 | 100,00 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | 415.418 | 420.902 | 101,32 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за администрација | | | |
| 23 | 440 | Дневн.за службени патувања, ноќевања и патни трош. | 1.080 | 1.102 | |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 39.456 | 42.311 | 107,24 |
| 25 | 442 | Трош.за надомест и други примања на член.на УО и НО | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | | | |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | 9.708 | 12.087 | 124,51 |
| 29 | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и др. | 9.528 | 9.648 | 101,25 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | | | |
| 33 | 455 | Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на материјални средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | 1.737.648 | 1.639.645 | 94,36 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | | | |
| 39 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | | | |
| 40 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | 4.035.492 | 4.142.029 | 102,64 |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | |
| 42 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| | | **Вкупно расходи I** | **12.864.958** | **13.519.089** | **105,08** |
| | | **Вкупно расходи без амортизација Ia** | **12.449.540** | **13.098.188** | **105,21** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 8.197.200 | 8.889.863 | 108,45 |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали | | | |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 53.087 | 56.750 | 106,90 |
| 4 | 764 | Вишоци | | | |
| 5 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | | | |
| | | **Вкупно приходи II** | **8.250.287** | **8.946.613** | **108,44** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-4.614.671** | **-4.572.476** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-4.199.253** | **-4.151.575** | |

**РАСХОДИ И ПРИХОДИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОВНАТА 2024 И ПЛАНИРАНИ ВО НАРЕДНАТА 2025 ГОДИНА**
**- РИБАРНИЦА -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Рибарница | | Индекс 2025/2024 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Реализирано во тековна 2024 година | Планирано во наредна 2025 година | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | | | |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за администрација | 59.340 | 60.073 | 101,24 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | | | |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за администрација | 179.225 | 186.683 | 104,16 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за производство | | | |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за администрација | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство | | | |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | 1.225 | 1.225 | |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | | | |
| 11 | 412 | Надвор.услуги за изработка на добра и изврш. услуги | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 21.431 | 21.824 | 101,83 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | 295.200 | 295.200 | 100,00 |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 29.886 | 30.385 | 101,67 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | | | |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | | | |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за администрација | 1.303.721 | 1.436.701 | 110,20 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 94.000 | 94.000 | 100,00 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | | | |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за администрација | 37.658 | 37.658 | 100,00 |
| 23 | 440 | Дневн.за службени патувања, ноќевања и патни трош. | | | |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | | |
| 25 | 442 | Трош.за надомест и други примања на член.на УО и НО | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | | | |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | | | |
| 29 | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и др. | 1.056 | 1.068 | 101,09 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | | | |
| 33 | 455 | Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на материјални средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | 44.448 | 43.830 | 98,61 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | | | |
| 39 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | | | |
| 40 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | | | |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 8.163.512 | 8.653.319 | 106,00 |
| 42 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| | | **Вкупно расходи I** | **10.230.702** | **10.861.965** | **106,17** |
| | | **Вкупно расходи без амортизација Ia** | **10.193.044** | **10.824.307** | **106,19** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 8.571.634 | 8.908.666 | 103,93 |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали | 763 | | |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени п-ди | 602 | 614 | 102,00 |
| 4 | 764 | Вишоци | 458 | 467 | |
| 5 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | | | |
| | | **Вкупно приходи II** | **8.573.457** | **8.909.748** | **103,92** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-1.657.245** | **-1.952.217** | |
| | | **Дел. резултат без амор. (II - Ia)** | **-1.619.587** | **-1.914.559** | |

**РАСХОДИ И ПРИХОДИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО ТЕКОВНАТА 2024 И ПЛАНИРАНИ ВО НАРЕДНАТА 2025 ГОДИНА**
**- РИБАРСТВО - АКВАКУЛТУРА (ВКУПНО) -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Рибарство - Аквакултура | | Индекс 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Реализирано во тековна 2024 година | Планирано во наредна 2025 година | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | 40.924 | 41.458 | 101,31 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за администрација | 59.340 | 60.073 | 101,24 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 146.848 | 149.726 | 101,96 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за администрација | 179.225 | 186.683 | 104,16 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за производство | 17.296 | 17.616 | 101,85 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за администрација | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство | | | |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | 1.225 | 1.225 | |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 13.038 | 13.204 | 101,27 |
| 11 | 412 | Надвор.услуги за изработка на добра и изврш. услуги | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 21.431 | 21.824 | 101,83 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | 295.200 | 295.200 | 100,00 |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 125.833 | 128.692 | 102,27 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | | | |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 6.161.575 | 6.790.056 | 110,20 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за администрација | 1.303.721 | 1.436.701 | 110,20 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 235.000 | 235.000 | 100,00 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | 415.418 | 420.902 | 101,32 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за администрација | 37.658 | 37.658 | 100,00 |
| 23 | 440 | Дневн.за службени патувања, ноќевања и патни трош. | 1.080 | 1.102 | |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 39.456 | 42.311 | 107,24 |
| 25 | 442 | Трош.за надомест и други примања на член.на УО и НО | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | | | |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | 9.708 | 12.087 | 124,51 |
| 29 | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и др. | 10.584 | 10.715 | 101,24 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | | | |
| 33 | 455 | Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на материјални средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | 1.782.096 | 1.683.475 | 94,47 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | | | |
| 39 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | | | |
| 40 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | 4.035.492 | 4.142.029 | 102,64 |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 8.163.512 | 8.653.319 | 106,00 |
| 42 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| | | **Вкупно расходи I** | **23.095.659** | **24.381.054** | **105,57** |
| | | **Вкупно расходи без амортизација Ia** | **22.642.583** | **23.922.495** | **105,65** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 16.768.834 | 17.798.530 | 106,14 |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали | 763 | | |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 53.689 | 57.364 | 106,85 |
| 4 | 764 | Вишоци | 458 | 467 | 102,00 |
| 5 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | | | |
| | | **Вкупно приходи II** | **16.823.744** | **17.856.361** | **106,14** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-6.271.915** | **-6.524.693** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-5.818.839** | **-6.066.134** | |

## ПЛАНИРАН ДЕЛОВЕН РЕЗУЛТАТ - БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА НАРЕДНАТА 2025 ГОДИНА
## - ПРОИЗВОДСТВО НА РИБИ (АКВАКУЛТУРА) И ПРОДАЖБА НА РИБИ ПРЕКУ РИБАРНИЦА -

| Ред. бр. | Конто | Опис | Планирано за наредната 2025 год. | | | Структ. во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Рибник | Рибарница | Вкупно | |
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за производство | 41.458 | | 41.458 | 0,17% |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за администрација | | 60.073 | 60.073 | 0,25% |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 149.726 | | 149.726 | 0,61% |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за администрација | | 186.683 | 186.683 | 0,77% |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за производство | 17.616 | | 17.616 | 0,07% |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за администрација | | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за производство | | | | |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | | 1.225 | 1.225 | 0,01% |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | | | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 13.204 | | 13.204 | 0,05% |
| 11 | 412 | Надвор.услуги за изработка на добра и изврш. услуги | | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | | 21.824 | 21.824 | 0,09% |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | 295.200 | 295.200 | 1,21% |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 98.308 | 30.385 | 128.692 | 0,53% |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | | | | |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 6.790.056 | | 6.790.056 | 27,85% |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за администрација | | 1.436.701 | 1.436.701 | 5,89% |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 141.000 | 94.000 | 235.000 | 0,96% |
| 20 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | 420.902 | | 420.902 | 1,73% |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за администрација | | 37.658 | 37.658 | 0,15% |
| 23 | 440 | Дневн.за службени патувања, ноќевања и патни трош. | 1.102 | | 1.102 | 0,00% |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 42.311 | | 42.311 | 0,17% |
| 25 | 442 | Трош.за надомест и други примања на член.на УО и НО | | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | | | | |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | 12.087 | | 12.087 | 0,05% |
| 29 | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и др. | 9.648 | 1.068 | 10.715 | 0,04% |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | | | | |
| 33 | 455 | Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | | | | |
